Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Republic of North Macedonia

**COMMISSION FOR RELATIONS WITH RELIGIOUS COMMUNITIES AND GROUPS**

Бр. 03-503/1
Скопје, 30.11.2021

Врз основа на член 49 став (2) и член 57 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) а во согласност на член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19) директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи го донесе следнот

# РЕШЕНИЕ
## за определување на службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Со ова решение државниот службеник Елена Стојанова се определува за службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер што ги создал или со кои располага Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

2. Постапката по барањето за пристап до информации кај Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ја спроведува службеното лице за посредување со информации од точка 1 од ова решение.

3. Службеното лице за посредување со информации од точка 1 од ова решение контактира, ги дава потребните информации, му помага и му укажува помош на барателот на информации за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите.

4. Службеното лице за посредување со информации од точка 1 од ова решение е должно да подготви годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер да го достави до Агенцијата до 31 јануари во тековната година за претходната година.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави на интернет страницата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (kovz.gov.mk)

**ДИРЕКТОР**
**м-р Даријан Сотировски**

Подготвил: Елена Стојанова

Доставено до:
- Именуваната
- Архива на КОВЗРГ
- Одделение за административна поддршка



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија